Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2020 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....7

Берзански цени .... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....10

Увоз .... 11

Салдо на трговска размена ....12

Валутна структура....13

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....13

Буџетски расходи според економската класификација....15

Буџетско салдо.. ....16

Расходи по буџетски корисници....16

4. Социјален сектор

Новоработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување....18

Плати ....19

Пензии ....20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките.... 23

Каматни стапки на депозитни банки.... 23

Пазар на капитал .... 23

Девизни резерви.... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2020 година

- Индустриското производство во ноември 2020 година забележа пад од 4,0% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во ноември 2020 година се зголемија за 2,2% во однос на ноември 2019 година;
- Во периодот јануари – ноември 2020 година, извозот забележа пад од 11,6%, а увозот од 11,2%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 9,7% споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2020 година изнесуваа 170.114 милиони денари, односно 25,6% од БДП, што претставува пониско остварување за 7,1% во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2020 година изнесуваа 210.167 милиони денари, односно 31,6% од БДП, што е за 10,3% повеќе во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во ноември 2020 година се зголемија за 5,4% во споредба со ноември 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,3%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во ноември 2020 година забележа пад од 4,0% во споредба со истиот месец претходната година, што претставува забавување на падот во споредба со претходниот месец. Падот во ноември се јавува како последица на намаленото производство единствено во секторот Преработувачка индустрија од 6,2% и негативен придонес од 4,7 п.п.. Рударскиот сектор забележа раст на производство за 8,7% и придонес од 1,0 п.п., а енергетскиот сектор во ноември забележа раст од 0,1% и незначителен придонес.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во ноември 2020 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 54,6% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во ноември 2020 година е забележан кај производството на моторни возила од 4,5% и придонес од 0,6 п.п., како и кај производството на компјутерски, електронски и оптички производи од 7,0% и незначителен придонес. Производството на фармацевтски производи и препарати, коешто во изминатиот период беше значаен ублажувач на падот, во ноември 2020 година бележи пад од 0,7% и незначителен придонес. Од гранките со позначително учество во структурата на индустријата, пад на производството во ноември 2020 година е забележан кај: производството на облека од 24,4% и придонес од -1,8 п.п.,

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2020 година)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2020 година)*




Извор: ДЗС.

производството на прехранбени производи од 18,1% и придонес од -1,7 п.п., како и кај производството на тутунски производи од 48,3% и придонес од -0,9 п.п..

Падот на производството според намената на произведените единици во ноември 2020 година е главно последица на падот кај нетрајните производи за широка потрошувачка од 14,8% и негативен придонес од 4,6 п.п..

На кумулативна основа, во периодот јануари – ноември 2020 година е забележан пад од 10,6%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 11,1% (придонес од -8,5 п.п.), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 10,5% (придонес од -1,3 п.п.), и Рударство и вадење камен од 7,6% (придонес од -0,9 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот и натаму има производството на фармацевтски производи и препарати од 0,4 п.п. при раст од 13,5%.

Според намената на произведените единици, пад во првите единаесет месеци од 2020 година бележат сите гранки, а падот е најзиразит во групата Капитални производи од 15,8% и придонес од -3,6 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во ноември 2020 година е намален за 4,2%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 4,5%, Рударство и вадење камен од 1,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,6%. Сепак, постојат неколку гранки во коишто се вработуваат лица дури и во услови на кризата, како на пример во: поправка на машини и опрема од 45,5%, производство на останата транспортна опрема од 9,6%, производство на фабрикувани метални производи од 9,3% и производство на основни фармацевтски производи и препарати од 8,3%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има во сите групи, а тоа е најизразито кај интермедијарните производи, освен енергија од 5,7% и нетрајните производи за широка потрошувачка од 5,2%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – ноември 2020 година бележи пад од 4,7%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија од 5,1%, а Рударство и вадење камен и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од по 1,0%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите единаесет месеци од 2020 година е намален во сите групи, а падот е најизразит вој групата Трајни производи за широка потрошувачка од 6,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во ноември 2020 година е поповолна во однос на октомври 2020 година, а понеповолна во однос на истиот месец 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во ноември изнесува 68,5% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец кога изнесувало 68,1%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 2,0 п.п..

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во ноември имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,3%, неизвесното економско окружување со 18,1%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,1%, недоволната домашна побарувачка со 13,6%, финансиските проблеми со 9,1% и други фактори.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во ноември 2020 година споредено со октомври 2020 година е непроменета, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2020 година издадени се вкупно 208 одобренија за градење, што претставува пад од 14,4% во однос на ноември 2019 година. Споредено со претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 23,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември е за 22,2% пониска во однос на истиот месец 2019 година, а за 49,5% споредено со октомври 2020 година.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 112 (или 53,9%) се наменети за објекти од високоградба, 20 (или 9,6%) за објекти од нискоградба и 76 (или 36,5%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(ноември 2020)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 208 издадени одобренија за градба, на 109 објекти (или 52,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 99 објекти (или 47,6%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во ноември 2020 година предвидена е изградба на 302 стана, со вкупна корисна површина од 26.479 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 58,6%, а на годишно ниво за 61,6%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во ноември 2020 година се зголемија за 2,2% во однос на ноември 2019 година, забрзувањето на растот на стапката на инфлација произлегува најмногу од зголемувањето на цените на храната и енергијата (цената на електричната енергија се зголеми во август со одлука на РКЕ за 7,4%), додека претходниот месец цените регистрираа раст од 2,1% на годишно ниво. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – ноември 2020 година изнесува 1,1% и истата е стабилна со најголем придонес од промените на цените на храната.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Од друга страна, стапката на инфлација во еврозоната во ноември се намали на 0,3% на годишно ниво, падот на инфлацијата се должи на остриот пад на цените на енергијата (8,4%) и индустриските добра, а од друга страна се зголемија цените на храната, алкохолот и тутунот (1,9%). Со новите карантини, поради ширењето на ковид-19, предвидувањата за еврозоната се дека инфлацијата ќе се намалува и на почетокот на 2021 година.

Во ноември 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 3,6% на годишно ниво. Зголемувањето се должи на порастот на цените во повеќе поткатегории, а најмногу на цените на Маслото (14,8%), Зеленчукот (12,5%) и Овошјето (5,8%). Највисок годишен раст на цените во ноември 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 7,9%, следен со порастот на цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,6%, Ресторани и хотели од 3,8%, Разновидни стоки и услуги од 2,8%, Здравствена заштита од 1,3%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 1,2%, Образование од 0,5% и Рекреација и култура од 0,2%.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 7,5%, Облека и обувки од 1,1%. Цените во категоријата Транспорт континуирано бележат пад што

се должи на падот на цените на нафтата од јануари, а падот на цените на нафтата е резултат на остриот пад на побарувачката поради карантините низ целиот свет поради пандемијата на ковид-19.

Потрошувачките цени во ноември 2020 година останаа непроменети на месечно ниво (претходниот месец беше регистриран раст од 0,1%).

Најголем раст на цените на месечно ниво е регистриран и во категориите: Ресторани и хотели од 1,9%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,4%, Рекреација и култура од 0,3%, Облека и обувки од 0,2% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,1%.

Намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категориите: Транспорт од 2,8%, Разновидни стоки и услуги и Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од по 0,2% и Комуникации од 0,1%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Цените на мало во ноември 2020 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 1,8%, додека на месечна основа се зголемија за 0,3%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во ноември 2020 година во однос на октомври 2020 година се зголеми за 6,8% и изнесува 43,2 долара за барел. Во април, кога индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот, цената на нафтата го достигна дното (графикон 1.11.), по што следеше нагорен тренд на движење во периодот мај – август 2020 година, за да во периодот септември – ноември забележи постабилно движење, со помали месечни осцилации.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Споредено со ноември 2019 година, цената на нафтата се намали за 31,1%. Цената на природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење, сѐ до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Во ноември 2020 година, цената на природниот гас се зголеми за 8,7% на месечна основа, со што продолжи трендот на раст на неговата цена.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд којшто продолжи и во ноември со раст на цената од 3,7% во однос на октомври, по месечниот раст од 2,6% забележан

претходниот месец. Во однос на ноември 2019 година, цената на никелот се зголеми за 4,2%. Покрај никелот, месечен раст на цената во ноември забележаа и другите основни метали. Така, цената на цинкот се зголеми за 9,5%, на оловото за 7,8%, на алуминиумот за 7,2%, на бакарот за 5,3% и на калајот за 1,9%. Во ноември 2020 година, цената на железната руда порасна за 3,8% на месечно ниво.

Во однос на благородните метали, златото во август достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на движење на цената. Истиот тренд продолжи и во ноември, со пад од 1,8% во однос на октомври 2020 година. Месечен пад е забележан и кај среброто, чија цена се намали за 0,6%, додека, пак, цената на платината се зголеми за 4,0%.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во ноември 2020 година на месечна основа се зголеми за 1,9%, а цената на пченицата за 1,1%, што се одразува и врз порастот на цената на прехранбените производи во земјата.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите единаесет месеци од 2020 година изнесува 12.033,9 милиони евра и бележи пад од 11,3% во однос на истиот период минатата година. Падот на надворешнотрговската размена главно е одраз на влошеното меѓународно окружување и падот на надворешната побарувачка, коишто се последица на ширењето на пандемијата предизвикана од коронавирусот.

Во периодот јануари - ноември 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,0 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 60,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

[1]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите единаесет месеци од 2020 година изнесува 26,3% и е намалено за 1,2 п.п. во однос на истиот период од 2019 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари – ноември 2020 година изнесува 5.232,6 милиони евра и бележи пад од 11,6% (684,9 милиони евра) во однос на истиот период од2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 12,6%.

Вредноста на извезените стоки во ноември 2020 година изнесува 578,7 милиони евра и бележи раст од 2,0% (11,3 милиони евра) во однос на истиот месец минатата година, по растот од 5,6% во октомври 2020 година. Физичкиот обем на извозот е зголемен за 1,5% во споредба со ноември минатата година.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2020 година извозот бележи пад од 3,1% (18,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 0,6%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (2,5 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - ноември 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 43,6% од вкупниот извоз на државата.

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - ноември 2020 година споредено со истиот период 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 12,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 14,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 77,6% и 11,0%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - ноември 2020 година изнесува 6.801,4 милиони евра и бележи пад од 11,2% (853,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот пад од 5,3%.

**Графикон 2.5:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во ноември 2020 година изнесува 694,4 милиони евра и бележи пад од 6,0% (44,7 милиони евра) во однос на истиот месец 2019 година, по растот од 0,1% во октомври 2020 година. Увезените количини стоки се намалени за 24,0%.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2020 година увозот бележи пад од 9,2% (70,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 5,8%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,4 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2019 | I-XI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 51,7 | 64,0 | 12,3 | 23,8 |
| Мил. ЕУР | 1.226,9 | 1.035,6 | -191,3 | -15,6 |
| Мил.$ | 1.374,2 | 1.186,7 | -187,5 | -13,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2019 | I-XI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 37,1 | 28,5 | -8,7 | -23,4 |
| Мил. ЕУР | 201,4 | 162,4 | -39,0 | -19,4 |
| Мил.$ | 225,5 | 184,6 | -40,9 | -18,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2019 | I-XI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 690,6 | 672,4 | -18,2 | -2,6 |
| Мил. ЕУР | 541,5 | 509,9 | -31,6 | -5,8 |
| Мил.$ | 606,0 | 579,5 | -26,5 | -4,4 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2019 | I-XI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 771,6 | 721,4 | -50,2 | -6,5 |
| Мил. ЕУР | 398,4 | 331,3 | -67,1 | -16,8 |
| Мил.$ | 446,3 | 376,0 | -70,3 | -15,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2019 | I-XI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 72,5 | 62,9 | -9,5 | -13,1 |
| Мил. ЕУР | 890,5 | 777,4 | -113,2 | -12,7 |
| Мил.$ | 996,9 | 889,0 | -107,9 | -10,8 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2019 | I-XI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 65,4 | 58,4 | -7,0 | -10,7 |
| Мил. ЕУР | 697,0 | 617,0 | -80,0 | -11,5 |
| Мил.$ | 780,4 | 704,4 | -76,0 | -9,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - ноември 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 9,7% односно 168,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во ноември 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 32,6% односно 55,9 милиони евра споредено со ноември 2019 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за широка потрошувачка, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - ноември 2020 година, 97,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција Грција, Италија, САД, Полска, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 89,2% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува зголемување за 3,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,2% и 86,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 6,2 п.п. во однос на периодот јануари - ноември 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XI- 2019 | | | | | I - XI - 2020 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 4.409,7 | 6.178.907.615 | 61,5044 | 380.030.005.501 | 80,7 | 4.150,5 | 5.910.226.779 | 61,6723 | 364.497.278.990 | 86,9 | -268.680.836 | -4,3 |
| УСД | 2.058,6 | 1.568.775.826 | 54,9092 | 86.140.225.571 | 18,3 | 2.131,1 | 935.546.169 | 54,4494 | 50.939.927.567 | 12,1 | -633.229.657 | -40,4 |
| ГБП | 4,1 | 23.935.769 | 69,8876 | 1.672.813.443 | 0,4 | 3,2 | 18.195.566 | 69,5372 | 1.265.268.741 | 0,3 | -5.740.202 | -24,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 6.472,5 | | | 467.843.044.514 | 99,0 | 6.284,8 | | | 416.702.475.298 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 6.489,5 | | | 470.810.537.993 | 100,0 | 6.299,1 | | | 419.453.465.207 | 100,0 | | -10,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2020 година изнесуваа 170.114 милиони денари, односно 25,6% од БДП, што претставува пониско остварување за 7,1% во однос на истиот период од 2019 година и ја отсликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза.

Даночните приходи се реализирани во износ од 94.804 милиони денари и во однос на истиот период од 2019 година се намалени за 9,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 42.371 милион денари, што претставува намалување од 10,3% во однос на периодот јануари - ноември 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,7%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 65.299 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 22.929 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 8,3%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 4,3% споредено со јануари - ноември 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 11,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 2,8%.

Акцизите се остварени во износ од 20.394 милиони денари (учество од 21,5% во даночните приходи), што претставува намалување од 15,3% во споредба со истиот период од 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 62.765 милиони денари, што претставува 66,2% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - ноември 2020 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 15.949 милиони денари и бележат пад од 2,7% на годишна основа, при што 69,0% од приходите се од плата и други лични примања, 7,4% од приходи од капитал, 6,8% од приходи по основ на договор на дело, 5,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,5% од други видови данок на доход.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 9.569 милиони денари и забележаа помало остварување за 10,2% во однос на истиот период претходната година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 9,3%, намалување од 33,2% се забележува кај даночните биланси, додека данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен речиси 3 пати.

Приходите од царина се остварени во износ од 6.065 милиони денари и забележаа зголемување од 11,1%. Приходите од други даноци со остварен износ од 456 милиони денари забележаа намалено остварување за 25,4% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси, во услови на раст на просечната плата, се остварени во износ од 59.756 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 7,3% споредено со истиот период од 2019 година, и покрај економската криза. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 7,7%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,6% и кај придонесите за вработување за 5,3%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 10.369 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 36,7% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.625 милиони денари, што е намалување од 1,6% во однос на периодот јануари – ноември минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.676 милиони денари и се намалени за 23,3% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2020 година изнесуваа 210.167 милиони денари, односно 31,6% од БДП, што е за 10,3% повеќе во однос на истиот период од 2019 година. Високите расходи се резултат на преземените мерки за справување со здравствено-економската криза.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 199.361 милион денари учествуваа со 94,9% и се зголемени за 11,1% во однос на истиот период од 2019 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 27.249 милиони денари што претставува зголемување за 7,7% во однос на периодот јануари - ноември претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 13.222 милиона денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 3,2%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 151.163 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 13,9% споредено со истиот период од 2019 година и истите учествуваа со 71,9% во вкупните расходи.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 106.987 милиони денари, забележаа зголемување од 8,8% и учествуваа со 50,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 63.439 милиони денари, што е зголемување за 6,3% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 30,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 19,1%, односно се зголемија за 23,0% и се реализирани во износ од 40.235 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 17.444 милиони денари забележаа зголемување од 13,3% во споредба со периодот јануари - ноември претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 20.644 милиони денари што е за 35,2% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 7.727 милиони денари, што е за 1,2% помалку во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно

задолжување се зголемени за 6,0%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 4,4%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 10.806 милиони денари со структурно учество од 5,1% во вкупните расходи, при што забележаа пониска реализација за 2,9% во споредба со периодот јануари - ноември 2019 година. Највисоко ниво на капитални расходи е остварено преку разделот Министерство за финансии – функции на држава, во износ од 2.515 милиони денари, односно 57,9% од планираните за 2020 година, а позначаен износ остварило и Министерството за транспорт и врски (1.594 милиони). Како процент на реализација, од буџетските корисници со позначителен износ на капитални расходи се издвојува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, којашто во периодот јануари – ноември 2020 година остварила 92,7% од планираните капитални расходи, односно 1.008 милиони денари.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – ноември 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 40.053 милиони денари, што претставува 6,02% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 40.201 милион денари и претставува 6,04% од БДП.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,9% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари – ноември 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 45.167 милиони денари што претставува 77,3% од предвидените за 2020 година. Отплатата на главнината (31.681 милион денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 70,1%. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 17,1% од вкупните расходи, за што се реализирани 7.719 милиони денари, или 93,1% од вкупниот буџет за оваа намена.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - ноември 2020 година реализираше 46.709 милиони денари или 90,9% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 32.489 милиони денари или 92,2% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, коишто учествуваат со

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

22,1% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 90,5% (10.330 милиони денари) од планираните за 2020 година.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 22.204 милиони денари, што е 86,3% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (66,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 14.816 милиони денари или 91,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 15,2%, за што се потрошени 3.379 милиони денари, односно 90,3% од вкупно предвидените.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - ноември 2020 година)*




Извор: МФ.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари - ноември 2020 година реализираше вкупно 10.561 милион денари, односно 55,4% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите коишто учествуваат со 89,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 9.444 милиони денари (53,7% од предвидените средства).

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 9.367 милиони денари, што претставува 82,8% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 78,5%, за што се потрошени 7.356 милиони денари или 91,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 15,5%, за што се реализирани 1.455 милиони денари или 73,8% од годишниот план.

Во периодот јануари - ноември 2020 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 7.603 милиони денари што претставува 84,7% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со 86,0% во вкупните расходи, реализирани се 91,1% од планираните средства или 6.537 милиони денари.

Министерството за одбрана од почетокот на 2020 година заклучно со ноември реализираше буџетски средства во износ од 6.437 милиони денари, што е 77,5% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 57,9%, за што во периодот јануари – ноември 2020 година се реализирани 3.728 милиони денари (91,6% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 23,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 1.541 милион денари, односно 76,2% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари – ноември 2020 година изврши буџетски средства во износ од 5.952 милиона денари, што е 77,8% од вкупниот буџет за 2020 година. Тековните трансфери до буџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 52,8%, за што во овој период потрошени се 3.140 милиони денари или 78,7% од средствата наменети за 2020 година. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка со учество од 38,6% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 2.297 милиони денари, односно 78,7% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 2.254 милиони денари, што е 68,9% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 65,0% од предвиденото (1.594 милиони денари), а учествува со 70,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари - ноември 2020 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 157.146 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 15,0% во однос на периодот јануари - ноември 2019 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени 42,9% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во ноември 2020 година, 25,3% се од евиденцијата на невработени.




MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Вкупниот број невработени лица во ноември 2020 година изнесува 242.919, од кои 155.218 се активни баратели на работа, а 87.701 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 28,4%. Силниот пораст на невработеноста што започна од април е предизвикан од здравствено-економската криза, којашто негативно влијаеше врз вработеноста во најмногу погодените сектори и предизвика бројот на невработени лица континуирано да се зголемува од јануари годинава.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (63,4%) се градско население, а според половата структура 49,9% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 63,1% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 26,9% се со завршено средно образование, додека 10,0% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 50,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 40,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во октомври 2020 година оствари годишен раст од 8,4%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,8%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (12,0%), Уметност, забава и рекреација (11,6%) и Преработувачка индустрија (11,0%). Реалните плати во октомври забележаа годишен раст од 6,3%. По нешто побавниот номинален раст во април и мај, нето-платите продолжија со високите стапки на раст и покрај здравствено-економската криза.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Просечната номинална бруто-плата во октомври 2020 година оствари годишен раст од 9,0%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (12,3%), Преработувачка индустрија (11,7%) и Уметност, забава и рекреација (11,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 6,8 %.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во ноември 2020 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 323.411 пензионери.[5] Од вкупниот број пензионери, 67,2% се корисници на старосна пензија, 22,8% се корисници на семејна пензија и 10,0% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во ноември 2020 година изнесува 15.426 денари и е за 6,0% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,3%.

Просечната старосна пензија во ноември изнесува 16.671 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 13.951 денар, а просечната семејна пензија 12.410 денари. За исплата на пензиите во ноември 2020 година се потрошени 4.958 милиони денари, што претставува 49,1% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во ноември 2020 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на постојното ниво од 1,5%, откако претходно ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати од почетокот на годината поради условите

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

коишто произлегуваат од пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, коишто неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (ноември 2020 година)




Извор: НБРСМ.

Во ноември 2020 година, примарните пари[6] регистрираа раст од 42,2% споредено со ноември 2019 година. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 72,1%, како и на растот на готовите пари во оптек од 18,4%. На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 24,8%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 61,0% додека готовите пари во оптек се намалија за 1,1%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во ноември 2020 година се зголемија за 1,0% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 4,2%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,4%.

Од аспект на валутата, во ноември 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,8%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 1,4%.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Вкупниот депозитен потенцијал во ноември 2020 година оствари раст од 6,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 5,1% и 8,1%, соодветно.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 13,5% и 5,4%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,8%, а долгорочните депозити се намалија за 6,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 59,5%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2020 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **422.239** | **1,0%** | **6,3%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *251.304* | *0,8%* | *5,1%* |
| *Странска валута* | *170.935* | *1,4%* | *8,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *178.236* | *0,8%* | *5,8%* |
| *Долгорочни* | *103.093* | *0,4%* | *-6,8%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **353.345** | **-0,2%** | **5,4%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *207.049* | *-0,5%* | *5,5%* |
| *Странска валута* | *146.296* | *0,3%* | *5,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *54.840* | *-2,3%* | *-4,4%,* |
| *Долгорочни* | *281.856* | *0,2%* | *8,7%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *11.995* | *1,1%* | *-23,5%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во ноември 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,2% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,7%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,2%. Од аспект на валутата, во ноември 2020 година, на месечно ниво денарските кредити се намалија за 0,5%, а девизните кредити регистрираа раст од 0,3%.

На годишна основа, во ноември 2020 година вкупните кредити се зголемија за 5,4%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,3% и раст на кредитите кон претпријатијата од 2,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,5%, а кредитите во странска валута за 5,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,7%, а краткорочните кредити се намалија за 4,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите остана непроменета во споредба со претходниот месец и изнесува 4,68%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 5,08%, додека каматната стапка на девизните кредити се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 4,21%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во ноември 2020 година изнесува 0,96% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 1,35% и е намалена за 0,03 п.п. во однос на минатиот месец, а каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,01 п.п. и изнесува 0,56%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во ноември 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 26,7% месечно ниво како резултат на падот на прометот од класичното тргување за 27,7% и намалувањето на прометот од блок трансакциите за 23,0%.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2020 година изнесуваше 313,2 милиона денари и истиот е намален за 52,9% на годишно ниво.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на ноември 2020 година изнесуваше 4.477,94 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 1,1%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 0,2%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2020 година изнесуваа 3.368,70 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 4,9%, а во однос на ноември 2019 година регистрираа раст од 3,9%.